Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Рег. бр: 13.1.1 - 108649/1

Скопје, 02. 11. 2022 година

ДО

**Здружение за промовирање на електрични возила**
ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ Скопје
Ул. „Партизанска 2“ бр. 12/12
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење, доставува.-
ВРСКА: Акт на Владата на Република Северна Македонија бр. 40-8346/1 од 22.09.2022 година

Почитувани,

Владата на Република Северна Македонија со актот под горенаведениот број и датум достави Предлог-иницијатива со наслов: „Обележување и соодветна евиденција на електричните возила во Република Северна Македонија“, поднесена од ваша страна, врз основа на објавен Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2023 година.

По извршена анализа на предметната Предлог-иницијатива, со која се предлага измена на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 293/20), во насока на предвидување посебна ознака (буквата Е) или доделување посебни таблички со зелена боја, како начин на обележување на електричните возила и нивно соодветно евидентирање во електронскиот Регистар на возила, од аспект на утврдениот делокруг на надлежности на Министерството, го презентираме следното мислење:

Во однос на предлогот за предвидување посебна ознака (буквата Е) за електричните возила, упатуваме на членот 5 став (14) од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 293/20), каде е пропишано дека регистарската таблица за возила што се одвезуваат од Република Северна Македонија по завршен престој на


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

странски државјани и за возила купени во Република Северна Македонија што ќе се регистрираат во друга земја, меѓу другото содржи и буквена ознака „Е“.

Во однос на предлогот овие возила да бидат регистрирани во електронскиот регистер на возила, информираме дека истиот сѐуште не е ставен во функција.

Од аспект на законодавството на Европската унија, согласно информациите со кои располагаме, не постои конкретен пропис во унијата со кој прецизно е уредена формата, содржината, нивото на заштита или квалитетот на материјалот од кој треба да бидат изработени регистарските таблички на возилата, туку секоја земја членка самостојно го уредува ова прашање.

Во контекст на наведеното, цениме дека определувањето посебна ознака на регистарска табличка за овој вид на возила не треба да се подразбере како задолжителна мерка, туку треба да се изнајде модел кој ќе овозможи нејзина рационална и економична примена, преку употреба на минимални ресурси и пред сѐ минимални финансиски средства, со оглед дека тоа би се рефлектирало врз буџетот на Министерството за внатрешни работи, односно буџетот на граѓаните како крајни корисници.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, цениме дека вашата Предлог-иницијатива може да биде прифатена како добра насока во процесот на усогласување на нашето законодавство со добрите практики кои ги користат останатите земји, пред сѐ земји членки на ЕУ, откако би се создале услови за нејзина соодветна примена.

Со почит,

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
*Оливер Спасовски*

**Изработил:** Е. Шатева-Митева
**Контролирал:** В.И.Наумовска
**Согласен:**
**Одобрил:** С.Петровиќ-Арсовска


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015